# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

29 јули 2019 | Излегува по потреба | Година XIV | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА НАМЕРАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ ГРАНТ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (МСИП)**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од проектот за подобрување на меѓуопштинските услуги (МСИП), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.07.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2990/1**
**од 29.07.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 26.07.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА НАМЕРАТА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ
ПРЕКУ ГРАНТ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ
НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (МСИП)**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП), за реализација на проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона".

**Член 2**

Општина Гази Баба средствата во висина од 4.126.751,00 денари добиени како грант за успешно реализирани под-проекти преку задолжување во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), ќе ги искористи за реализација на проектот - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона".

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2969/3**
**од 26.07.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК - КРАК 1 И КРАК 7 - НИСКА ЗОНА"**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.07.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2990/2**
**од 29.07.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 26.07.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК - КРАК 1 И КРАК 7 - НИСКА ЗОНА"**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона".

**Член 2**

Вкупната вредност на грантот изнесува 4.126.751,00 денари, без вклучен ДДВ.

**Член 3**

Финансиското учество на Општина Гази Баба (кофинансирање) се определува на износ до 1.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Средствата од членот 3 од оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година - Програмата за урбано планирање "Ф", на Општина Гази Баба за 2019 година - Потпрограма Ф.А - ставка 482 - потставка 482720 - Изградба на водоводна мрежа и нов резервоар во Раштак.

**Член 5**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2969/4**
**од 26.07.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од проектот за подобрување на меѓуопштинските услуги (МСИП) . . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона" . . . . . . . . . . 6



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 11/19**
**27 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ